Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а согласно член 2 од Одлуката за доделување еднократна парична помош за новороденче („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/22) и во врска со Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита, Советот на Општина Велес на седница одржана на ден 28.12.2022 година донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ, УСЛОВИТЕ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВО НА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите, условите и потребната документација за остварување на правото за користење еднократна парична помош за новороденче.

**Член 2**

Еднократната парична помош за секое новороденче е во висина од 3.000,00 денари и се доделува за секое новородено дете започнувајќи од 01.01.2023 година.

Еднократна паричната помош се обезбедува за семејството на новороденото дете.

Истата се обезбедува од Буџетот на Општина Велес–Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита.

**Член 3**

Право на еднократна парична помош се остварува за секое новороденче, како и во случај на повеќе родени деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе).

**Член 4**

Право на користење парична помош за новороденче има еден од родителите што е државјанин на Република Северна Македонија со поднесено барање до Општина Велес.

Двајцата родители треба да се со постојана адреса на живеење или престојување на територијата на Општина Велес.

**Член 5**

Поднесените барања ќе ги разгледува тричлена комисија формирана од Градоначалникот.

Исплатата на паричните средства по поединечно барање, ќе ја врши Одделението за финансиски прашања по решение од Градоначалникот.

**Член 6**

Барањето за остварување право на еднократна парична помош за новороденче може да се подигне во архивата на Општина Велес, а достапно е и во електронска форма на веб-страницата на општината.

Барањето со потребната документација се поднесува до архивата на Општина Велес, најдоцна до наполнети шест месеци на детето.

Барањето што е поднесено по шестиот месец од раѓањето на детето нема да биде предмет на разгледување.

Кон барањето се приложуваат следните документи:

- Копија од извод од матична книга на родените за новороденчето;
- Копија од важечки лични карти на двајцата родители, со исклучок на новороденче на самохран родител, за идентификација од која се видливи податоците за живеење или престојување во Општина Велес,;
- Копија од трансакциска сметка на барателот на еднократна паричната помош за новороденче.

Дополнителни документи за самохран родител:

(во зависност од основот за стекнување статус самохран родител, потребен е еден од долунаведените документи)

- Копија од матична книга на умрените;
- Копија од правосилна судска пресуда за разведен брак;
- Доказ дека родителот не е во брачна заедница со копија од Извод од матична книга на родените не постар од шест месеци и Изјава дека не е во брачна заедница.

На барање на Комисијата, барателот е должен да приложи оригинали од поднесените документи.

**Член 7**

Документите се доказ во постапката и не му се враќаат на барателот.

Подносителот на барањето е должен да дава точни и веродостојни податоци.

Ако се утврди дека подносителот дал невистинити податоци, тој го губи правото во согласност со овој Правилник.

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 25-5567/15
29.12.2022 година
Велес

Петседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Совет на Општината
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС

Доставено до:
-Градоначалник;
-Одделение за финансиски прашања;
-Одделение за јавни дејности;
-Списи и архива.